Основен суд Кратово

СУ.бр.37/21

26.05.2021 год.

Кратово

ПРЕДМЕТ: Известување за регистрација на електронско сандаче за вршење на Е-достава

Согласно законските обврски, им се укажува на странките, на сите државни органи, институции и тоа: Јавното обвинителство, Државното правобранителство, Центрите за социјална работа, Полицијата, надлежните подрачни единици на Министерствата, Нотари, Извршители, Адвокати и сите правни субјекти –фирми, да ја извршат својата законска обврска и да се регистрираат на порталот Е-достава на судот, како би можеле по електронски пат да ги остваруваат своите права и истовремено да бидат известувани од страна на судот за сите превземени дејствија во постапките пред судот во кои тие се странки.

За евентуални прашања странките можат да се обратат на службениот телефон на судот 031-481-018 или мобилен телефон 076-498-827 кај лицето Денис Младеновски – информатичар во судот и на официјалната е-маил адреса на судот osnovensudkratovo@oskratovo.mk.

Ве известуваме дека за регистрација на порталот Е-достава потребно е:

-Да се достави тековна состојба од Централниот регистар не постара од 6 месеци до Основниот суд Кратово електронски или по пошта со назнака : „За информатичар Денис Младеновски, за регистрација на Е-достава.“

-Да се пополни соодветна форма на порталот на начин што најпрво се отвара порталот на edostava.sud.mk во која задолжително се приложува дигитален сертификат и соодветна е-маил адреса на која ќе ги добивате соодветните известувања од страна на судот.

Основен суд Кратово